АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено:<br>Pranuar: | | 20.11.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един.<br>Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог:<br>Shtojce: | Вредност:<br>Vlera: |
| 10 | 4922/1 | | |


# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025

## ИЗВЕШТАЈ
## за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања

во периодот од 20 до 31 октомври 2025 година

**ВОВЕД**

Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на програмите на радиодифузерите, за време на вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025, во периодот од 20 до 31 октомври 2025 година, е подготвен врз основа на обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, во кој е утврдено дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, до Државната изборна комисија (ДИК) да достави извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, направен во согласност со обврската на АВМУ од член 76-в став 10 од Изборниот законик, да воспостави целосен мониторинг над радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Дополнително, сите податоци се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите во согласност со член 76-д став 9 од Изборниот законик. Постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги е уредена во *Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање* (арх.бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година и арх.бр.01-4092/1 од 24.09.2025 година), а се спроведуваше електронски, преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk востановена за оваа намена. Агенцијата ги потврди и достави потврдените извештаи до радиодифузерите пред истекот на законски утврдениот рок, односно заклучно со 7 ноември 2025 година.

Изборната кампања во вториот круг од Локалните избори 2025 за избор на градоначалник на град Скопје и за избор на градоначалници на уште 32 општини во државата, ја продолжија кандидатите за градоначалници од: Коалицијата Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ; Коалицијата за Локални избори 2025, предводена од СДСМ; Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ; Коалицијата ВЛЕН; Коалицијата „Искуство за успех“; политичките партии Левица, Движење ЗНАМ-За наша Македонија и Унија на Роми; како и осум кандидати предложени од група избирачи.

Според член 75-ѓ став 6 од Изборниот законик, право на емитување платено политичко рекламирање за време на изборна кампања имаат само радиодифузерите што ќе бидат регистрирани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. Во Регистарот на ДИК за Локалните избори 2025 година, беа регистрирани вкупно 33 телевизии и 42 радија.

Врз основа на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во согласност со *Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година* (арх. бр. 01-4137/1 од 26.09.2025 година), радиодифузерите и во вториот круг од изборната кампања можеа да емитуваат вкупно девет и пол минути (00:09:30) дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои: најмногу четири минути (00:04:00) за кандидатите од коалициите на ВМРО ДПМНЕ – „Твоја Македонија“ и на ВЛЕН; најмногу четири минути (00:04:00) за кандидатите од коалициите на СДСМ - „Коалиција за Локални избори 2025“ и на ДУИ – „Национална алијанса за интеграција“; најмногу една минута (00:01:00) за кандидатот од Коалицијата предводена од ЛДП – „Искуство за успех“; и најмногу 30 секунди (00:00:30) за кандидатите поддржани од групи избирачи и за кандидатот од политичката партија Унија на Роми.

Кандидатите за градоначалници од двете парламентарни политички партии Левица и Движење ЗНАМ-За наша Македонија, кои учествуваа во вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, според член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик немаа законски можности да закупат простор за платено политичко рекламирање на телевизиите и радијата.

И во вториот круг од кампањата, а согласно точка 4 од Упатството, секој подносител на листа можеше да го закупи вкупно дозволеното време за ППР од својата категорија (4 минути/4 минути/1 минута/30 секунди), доколку не постоеше заинтересираност од друг подносител на листа и доколку тоа беше во согласност со нивните меѓусебни договори за распределба на времето за ППР.

**КЛУЧНИ НАОДИ**

Во вториот круг од изборната кампања, вкупно 41 радиодифузер – 22 телевизии и 19 радија, склучија договори со учесниците во изборната кампања. Од нив пак, простор за платено политичко рекламирање на телевизиите и радијата, закупија само четирите коалиции предводени од најголемите политички партии од позицијата и опозицијата, како и независните кандидати за градоначалници на општините Куманово - Горан Стојковски Диро и на Струга - Менди Ќира.

На сите 22 телевизии заедно беа емитувани вкупно **190 575 секунди** или 52 часа 56 минути и 15 секунди платено политичко рекламирање за Локалните избори. На сите 19 радија заедно беа емитувани вкупно **171 271** секунди или 47 часа 34 минути и 31 секунда платено политичко рекламирање. Во вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 на телевизиите и радијата беа емитувани вкупно **361 846 секунди** или 100 часа 30 минути и 46 секунди платено политичко рекламирање.

Од 9-те национални телевизии што склучија договори за емитување ППР во вториот круг од кампањата, најголем обем рекламно време емитуваа ТВ Канал 5 (17 616 секунди), ТВ Алсат-М (16 999 секунди) и ТВ Алфа (16 937 секунди).

Од 9-те регионални телевизии што склучија договори за емитување ППР во вториот круг од кампањата, најголем обем рекламно време емитуваа ТВ Коха (21 329 секунди) и ТВ ЕДО (19 406 секунди). ТВ Коха имаше и најголем обем на ППР во вториот круг од изборите.

Од 4-те локални телевизии што склучија договори за емитување ППР во вториот круг од кампањата, најголем обем рекламно време емитуваше ТВ Ускана од Кичево (17 774 секунди), потоа ТВ Калтрина од Струга (8 968 секунди), ТВ Протел од Пробиштип (7 012 секунди), а најмал обем имаше ТВ Кочани (4 502 секунди).

Од вкупно четири национални радија, три склучија договори за емитување ППР, а најмногу рекламно време емитуваа РА Антена 5 (19 787 секунди) и РА Канал 77 (10 286 секунди). РА Метрополис емитуваше 3 185 секунди, а РА Јон не емитуваше ППР во вториот круг.

Од 8-те регионални радија кои склучија договори за емитување ППР во вториот круг, најголем обем рекламно време емитуваа РА Сити (17 974 секунди) и РА Клуб ФМ (13 288 секунди).

Од 8-те локални радија кои склучија договори за емитување ППР во вториот круг од Локалните избори, најголем обем рекламно време емитуваа РА Валандово (10 116 секунди) и РА Кочани (8 944 секунди).

Најкраткиот рекламен спот емитуван на радијата, со времетраење од 10 секунди беше од нарачателот Група избирачи – Горан Стојковски Диро, а најдолгиот рекламен спот беше со времетраење од 97 секунди, од нарачателот Коалиција Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ. На телевизиските програми, најкратките емитувани рекламни спотови беа со времетраење од 12 секунди, едниот на Коалицијата за Локални избори 2025, предводена од СДСМ, а другиот на Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ, додека пак најдолгото платено политичко рекламирање со времетраење од 135 секунди беше исто така од нарачателот Национална алијанса за интеграција – НАИ.

На телевизија најмногу време закупија двете коалиции предводени од партиите ВМРО - ДПМНЕ и ДУИ – Коалицијата Твоја Македонија (95 942 секунди) и Национална алијанса за интеграција - НАИ (54 285 секунди). Од учесниците во изборна кампања што се рекламираа на ТВ во вториот круг, најмалку време закупи Коалицијата ВЛЕН (19 460 секунди).

На радио најмногу време закупија двете коалиции предводени од партиите ВМРО - ДПМНЕ и СДСМ – Коалицијата Твоја Македонија (137 374 секунди) и Коалицијата за Локални избори 2025 (23 584 секунди). Од учесниците во изборна кампања што се рекламираа на радио, најмалку време закупи Коалиција ВЛЕН (2 093 секунди).

На сите радиодифузери заедно, најмногу време закупи Коалицијата Твоја Македонија, предводена од ВМРО – ДПМНЕ (233 316 секунди или 64 часа 48 минути и 36 секунди), а потоа Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ, предводена од ДУИ (54 285 секунди или 15 часа 4 минути и 45 секунди).

Потребно е да се нотира дека за разлика од изборната кампања во првиот круг од Локалните избори, кога Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО – ДПМНЕ закупуваше простор кај радиодифузерите за промоција и на кандидатите на Движење ЗНАМ-За наша Македонија, во вториот круг немаше таква пракса. Оттаму, согласно одредбите од Изборниот законик Движење ЗНАМ-За наша Македонија и Левица немаа платено политичко рекламирање на радијата и телевизиите. Коалицијата Искуство за успех пак, која во вториот круг имаше свој кандидат за градоначалник во Општина Карпош, одлучи да не закупи простор за рекламирање на радиодифузерите. Не се рекламираше ниту политичката партија Унија на Ромите која имаше кандидат за градоначалник во Општина Шуто Оризари.

Од двајцата кандидати поддржани од групи избирачи кои се рекламираа на радијата, повеќе време закупи кандидатот Горан Стојковски Диро (4 860 секунди), а кандидатот Менди Ќира закупи 3 360 секунди.

Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање на сите 22 телевизии и 19 радија се претставени во секунди во табелите во продолжение, во три временски периоди во деноноќието согласно образецот на извештај за реализирани услуги донесен од Државната изборна комисија.

Претходно, за подобра прегледност, во посебна табела е прикажано вкупно емитуваното време за платено политичко рекламирање по нарачател. Нарачателите на ППР во табелата се наредени според обемот на вкупно закупено време на телевизиите и на радијата заедно.

**Вкупно емитувано платено политичко рекламирање на ТВ и на РА по нарачател**

| Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР) | ТВ (секунди) | РА (секунди) | ВКУПНО (РА+ТВ) (секунди) | ВКУПНО (ТВ+РА) (чч:мм:сс) |
|---|---|---|---|---|
| Коалиција Твоја Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 95942 | 137374 | **233316** | **64:48:36** |
| Коалиција Национална алијанса за интеграција - НАИ | 54285 | | **54285** | **15:04:45** |
| Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ | 20888 | 23584 | **44472** | **12:21:12** |
| Коалиција ВЛЕН | 19460 | 2093 | **21553** | **05:59:13** |
| Горан Стојковски Диро – Група избирачи | | 4860 | **4860** | **01:21:00** |
| Менди Ќира – Група избирачи | | 3360 | **3360** | **00:56:00** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **190575** | **171271** | **361846** | **100:30:46** |

# ТЕЛЕВИЗИИ

| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Алфа** | | **ТВ Алсат М** | | **ТВ Канал 5** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 1391 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 742 |
| | 08:00 – 16:00 | 2600 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 1001 |
| | 16:00 – 24:00 | 12946 | 16:00 – 24:00 | 2456 | 16:00 – 24:00 | 9644 |
| | **Вкупно** | **16937** | **Вкупно** | **2456** | **Вкупно** | **11387** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 37 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 4732 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **4769** |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 20 |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 3300 | 08:00 – 16:00 | 640 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 6060 | 16:00 – 24:00 | 800 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **9360** | **Вкупно** | **1460** |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 298 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 4885 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **5183** | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **16937** | | **16999** | | **17616** | |

| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Сител** | | **ТВ Телма** | | **ТВ КОМПАНИ 21-М** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 929 | 00:00 – 08:00 | 894 | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 817 | 08:00 – 16:00 | 580 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 7070 | 16:00 – 24:00 | 5437 | 16:00 – 24:00 | 2751 |
| | **Вкупно** | **8816** | **Вкупно** | **6911** | **Вкупно** | **2751** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | 12 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 153 | 08:00 – 16:00 | 62 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 3932 | 16:00 – 24:00 | 2890 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **4097** | **Вкупно** | **2952** | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 160 | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 140 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 780 | 16:00 – 24:00 | 1500 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **1080** | **Вкупно** | **1500** |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 5331 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **5331** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **12913** | | **10943** | | **9582** | |

| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Шења** | | **ТВ 24** | | **Наша ТВ** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 423 | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 75 | 08:00 – 16:00 | 156 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 3328 | 16:00 – 24:00 | 5431 | 16:00 – 24:00 | 1227 |
| | **Вкупно** | **3403** | **Вкупно** | **6010** | **Вкупно** | **1227** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 12 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 1710 | 16:00 – 24:00 | 2449 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **1710** | **Вкупно** | **2461** |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 135 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1625 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **1760** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **5163** | | **7720** | | **3688** | |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Стар** | | **ТВ Кобра** | | **ТВ М НЕТ - ХД** | | **ТВ Вистел** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1282 | 16:00 – 24:00 | 650 | 16:00 – 24:00 | 1481 | 16:00 – 24:00 | 1102 |
| | **Вкупно** | **1282** | **Вкупно** | **650** | **Вкупно** | **1481** | **Вкупно** | **1102** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 24 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 60 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 648 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **732** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **1282** | | **1382** | | **1481** | | **1102** | |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ КТВ** | | **ТВ ЕДО** | | **ТВ МТМ** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 1352 | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 5639 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 12415 | 16:00 – 24:00 | 1984 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **19406** | **Вкупно** | **1984** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 60 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1248 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **1308** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **1308** | | **19406** | | **1984** | |

| ТВ НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Шутел** | | **ТВ Коха** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 1484 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **1484** | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 60 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 6000 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **6060** |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 5939 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 9330 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **15269** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **1484** | | **21329** | |

| ТВ НА ЛОКАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **ТВ Кочани** | | **ТВ Протел** | | **ТВ Калтрина** | | **ТВ Ускана** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 4502 | 16:00 – 24:00 | 4153 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **4502** | **Вкупно** | **4153** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2859 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **2859** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Национална алијанса за интеграција - НАИ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 3840 |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 2380 | 08:00 – 16:00 | 6321 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 6588 | 16:00 – 24:00 | 7613 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **8968** | **Вкупно** | **17774** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **4502** | | **7012** | | **8968** | | **17774** | |

# РАДИЈА

| РАДИЈА НА ДРЖАВНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Антена 5** | | **РА Канал 77** | | **РА Метрополис** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 792 | 00:00 – 08:00 | 843 | 00:00 – 08:00 | 563 |
| | 08:00 – 16:00 | 9039 | 08:00 – 16:00 | 6381 | 08:00 – 16:00 | 2137 |
| | 16:00 – 24:00 | 5232 | 16:00 – 24:00 | 782 | 16:00 – 24:00 | 485 |
| | **Вкупно** | **15063** | **Вкупно** | **8006** | **Вкупно** | **3185** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 4404 | 08:00 – 16:00 | 1956 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 320 | 16:00 – 24:00 | 324 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **4724** | **Вкупно** | **2280** | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **19787** | | **10286** | | **3185** | |

| РАДИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Буба Мара** | | **РА Зона М1** | | **РА Клуб ФМ** | | **РА Роса** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 806 | 00:00 – 08:00 | 599 | 00:00 – 08:00 | 697 | 00:00 – 08:00 | 647 |
| | 08:00 – 16:00 | 6278 | 08:00 – 16:00 | 5074 | 08:00 – 16:00 | 7467 | 08:00 – 16:00 | 8262 |
| | 16:00 – 24:00 | 2775 | 16:00 – 24:00 | 2438 | 16:00 – 24:00 | 5124 | 16:00 – 24:00 | 2453 |
| | **Вкупно** | **9859** | **Вкупно** | **8111** | **Вкупно** | **13288** | **Вкупно** | **11362** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **9859** | | **8111** | | **13288** | | **11362** | |

| РАДИЈА НА РЕГИОНАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Сити** | | **РА Скај** | | **Спортско радио** | | **РА Фортуна** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 647 | 00:00 – 08:00 | 797 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 376 |
| | 08:00 – 16:00 | 8630 | 08:00 – 16:00 | 5901 | 08:00 – 16:00 | 3696 | 08:00 – 16:00 | 5301 |
| | 16:00 – 24:00 | 5149 | 16:00 – 24:00 | 3488 | 16:00 – 24:00 | 4736 | 16:00 – 24:00 | 2404 |
| | **Вкупно** | **14426** | **Вкупно** | **10186** | **Вкупно** | **8432** | **Вкупно** | **8081** |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 3100 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 448 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **3548** | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **17974** | | **10186** | | **8432** | | **8081** | |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Валандово** | | **РА Кавадарци** | | **РА Кочани** | | **РА Бум** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 545 | 00:00 – 08:00 | 545 | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 5483 | 08:00 – 16:00 | 5483 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2431 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | **8459** | **Вкупно** | **6028** | **Вкупно** | |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 5616 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 2688 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 4500 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 228 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **10116** | **Вкупно** | | **Вкупно** | **2916** | **Вкупно** | |
| **Горан Стојковски – Диро – Група избирачи** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | 540 |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 2160 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 2160 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **4860** |
| **Вкупно емитувано ППР** | **10116** | | **8459** | | **8944** | | **4860** | |

| РАДИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО<br>Времетраењето на емитуваното платено политичко рекламирање е претставено во СЕКУНДИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нарачател на платено политичко рекламирање (ППР)** | **РА Буба Мара Прилеп** | | **РА Пела** | | **РА Плеј радио** | | **РА Кисс** | |
| **Коалиција „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО ДПМНЕ** | 00:00 – 08:00 | 428 | 00:00 – 08:00 | 436 | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | 3531 | 08:00 – 16:00 | 5270 | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | 934 | 16:00 – 24:00 | 2289 | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | **4893** | **Вкупно** | **7995** | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција за Локални избори 2025, предводена од СДСМ** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| **Коалиција ВЛЕН** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 2002 |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 91 |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **2093** |
| **Менди Ќира – Група избирачи** | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | | 00:00 – 08:00 | |
| | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | | 08:00 – 16:00 | 1680 | 08:00 – 16:00 | |
| | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | | 16:00 – 24:00 | 1680 | 16:00 – 24:00 | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | | **Вкупно** | **3360** | **Вкупно** | |
| **Вкупно емитувано ППР** | **4893** | | **7995** | | **3360** | | **2093** | |